## Апстракт

Трудот ги третира прашањата поврзани со современите тенденции во употребата на ликовните материјали и нивното влијание врз детското ликовно изразување во одделенската настава во основното образование во Р. Македонија со посебен акцент на нивната програмска дефинираност и имплементација во наставата во државните и приватните основни училишта. Во првиот дел се третираат теоретските пристапи  и искуства поврзани со ликовната уметност од аспект на современите тенденции во употребата на ликовните материјали, научните, пред сѐ странски истражувања, поради фактот што такви истражувања не се спроведени во земјата, како и позицијата на ликовното образование во системот на образованието во Р. Македонија низ историјата и денес.

Акцент е ставен на програмската поставеност на наставата по ликовно образование во одделенската настава, утврдена од страна на Бирото за образование на Р.Македонија, нејзината отвореност кон следење и имплементација на современите тенденции во употребата на ликовните материјали, нивното влијание врз детскиот ликовен израз како и на факторите кои битно влијаат на примената и имплементацијата, а пред сѐ наставниците, учениците и родителите. Анализирани се и стимулативните и ограничувачките фактори од материјален карактер и други ограничувачки фактори, кои директно влијаат на имплементацијата на современите тенденции во употребата на ликовните материјали, а се од нематеријален карактер (третманот на ликовното образование од страна на администрацијата и сл.)

Посебно внимание е посветено на можностите кои се даваат со примена на интегрираниот курикулум во имплементацијата на современите тенденции во употребата на ликовните материјали, проблемот на едукацијата на наставниците како базичното, така и континуираното образование како перманентен процес низ разни видови на работилници, влијанието на ликовниот педагог и сл.

Заклучните предлози кои произлегуваат од применетите методи и резултати на истражувањето се дадени како во одделните делови на анализата на резултатите на истражувањето, така и во вид на експериментални модели.

Клучни зборови: Современи тенденции;Ликовна уметност; Ликовно образование; Ликовни материјали;Ликовен израз; Ликовна креативност; Интегриран курикулум; Ликовен педагог